**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1434 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделниот весник „Битолски весник", и тоа:

   - изданието бр.2649 на неделниот весник „Битолски весник" од 9 март 2016 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 март 2016 година.

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделниот весник „Битолски весник", постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 09.02.2016 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.2644 на весникот „Битолски весник" од 03.02.2016 година, не ги објавил податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-78 од 15.02.2016 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото со ограничена одговорност за

новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделниот весник „Битолски весник“.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор на изданието бр.2649 на неделниот весник „Битолски весник“ од 09.03.2016 година е констатирано дека Друштвото со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО **во целост постапило по решението** и **го отстранило прекршувањето** на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***